Република Северна
Македонија
Државен завод
за статистика

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
# ВО 2025 ГОДИНА

Скопје, мај 2026 година

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** .......... 4

**1. ИНСТИТУЦИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ** .......... 5

**1.1. Административни капацитети** .......... 5

1.1.1. Човечки ресурси .......... 5

1.1.2. Стручно усовршување на вработените .......... 8

1.1.3. Буџет на Државниот завод за статистика .......... 8

1.1.4. Внатрешна ревизија .......... 9

1.1.5. Совет за статистика на Република Северна Македонија .......... 9

1.1.6. Координативен комитет .......... 10

**1.2. Статистичка инфраструктура** .......... 10

1.2.1. Статистички регистри .......... 10

1.2.2. Управување со квалитетот .......... 11

1.2.3. Користење административни извори на податоци и намалување на оптовареноста на извештајните единици .......... 11

1.2.4. Систем за електронско прибирање податоци .......... 11

1.2.5. Сигурност на податоците и статистичка доверливост .......... 12

**1.3. Информатичка инфраструктура** .......... 12

1.3.1. Техничка инфраструктура .......... 12

**1.4. Дисеминација** .......... 12

1.4.1. Дисеминација на податоците .......... 12

1.4.2. Статистичките податоци се достапни онлајн .......... 12

1.4.3. Публицистичка дејност на институцијата .......... 13

1.4.4. Едноставно доставување на податоците до корисниците .......... 14

1.4.5. Поголема застапеност на статистичките податоци во медиумите и ПР-активности .......... 14

1.4.6. Ефикасност на процесите .......... 14

2. СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ ..... 15
2.1. Сектор за социјални статистики ..... 15
2.1.1. Одделение за статистика на населението ..... 15
2.1.2. Активности во другите области од социјалните статистики ..... 15
2.2. Сектор за пазар на трудот и животен стандард ..... 16
2.2.1. Сектор за пазар на трудот и животен стандард – активности ..... 16
2.3. Национални сметки ..... 20
2.3.1. Национални сметки – активности ..... 20
2.4. Сектор за деловни статистики ..... 23
2.5. Сектор за земјоделски статистики и статистики на животната средина ..... 25
2.5.1. Во доменот на земјоделските статистики и статистиките на животната средина реализирани се следните активности: ..... 25
2.6. Сектор за регионални одделенија ..... 27
3. ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ ..... 28
3.1. Европска интеграција ..... 28
3.2. Меѓународни проекти во кои беше вклучен ДЗС ..... 29
3.2.1. Тековни проекти на Европската комисија ..... 29
3.2.2. Соработка со агенциите на Обединетите нации во државата ..... 32
3.3. Комуникација и соработка со други институции ..... 32
4. ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВАШЕ ДЗС ..... 32
4.1. Мал износ на буџетски средства ..... 32
4.2. Состојба со човечките ресурси ..... 33
4.3. Третманот на институцијата во рамките на системот на државната управа ..... 33
5. КООРДИНАЦИЈА НА СТАТИСТИЧКИОТ СИСТЕМ И ОВЛАСТЕНИТЕ НОСИТЕЛИ ..... 33
5.1. Народна банка на Република Северна Македонија ..... 33
5.2. Министерство за финансии ..... 37
5.3. Министерство за внатрешни работи ..... 37
5.4. Агенција за вработување на Република Северна Македонија ..... 38
5.5. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија ..... 38
5.6. Министерство за правда ..... 40
ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ..... 41

# ВОВЕД

Во согласност со членот 21, став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Државниот завод за статистика (во натамошниот текст: ДЗС) подготви Годишен извештај за работата и за реализацијата на Програмата за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година во 2025 година, од аспект на спроведените статистички истражувања од страна на ДЗС, но и од страна на овластените носители што, според Програмата, спроведуваат статистички истражувања.

Извештајот се состои од пет делови, од кои четири се однесуваат на активностите на ДЗС, а еден дел ги опфаќа активностите на овластените носители, од аспект на реализацијата на статистичките истражувања од Програмата за кои се надлежни.

Во првиот дел од Извештајот е опфатено институционалното опкружување на ДЗС и во него се содржани податоци за административните капацитети (човечки и финансиски ресурси, стручно усовршување на вработените, внатрешна ревизија, Совет за статистика на Република Северна Македонија и Координативен комитет), статистичката инфраструктура, информатичката инфраструктура и активностите поврзани со дисеминацијата на податоците на ДЗС во 2025 година.

Во вториот дел од Извештајот се прикажани податоците за реализираните активности на ДЗС од аспект на статистиките по сектори, односно од Секторот за деловни статистики, Секторот за земјоделски статистики и статистики на животната средина, Секторот за социјални статистики, Секторот за пазар на трудот и Секторот за национални сметки.

Во третиот дел од Извештајот се дадени информации за европската интеграција и меѓународните активности. Тој ги содржи активностите реализирани во 2025 година на планот на следењето на европските стандарди и меѓународната активност. Државниот завод за статистика ја реализира својата меѓународна активност со непосредно учество во процесот на европската интеграција на државата, како и со учество во повеќе меѓународни проекти кои се реализираа во рамките на странската помош што му беше обезбедена на ДЗС.

Четвртиот дел од Извештајот содржи информации и податоци за предизвиците со кои се соочуваше ДЗС во 2025 година.

Петтиот дел од Извештајот содржи краток осврт за координацијата на статистичкиот систем на државата и за реализацијата на Програмата за статистички истражувања од страна на овластените носители во статистичкиот систем: Народната банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

# 1. ИНСТИТУЦИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ

Институционалното опкружување претставува основен предуслов за остварување на целите на државната статистика што се дефинирани во Законот за државната статистика и во други закони, а кои натаму се операционализираат во Стратегискиот план на Државниот завод за статистика, но и во другите документи кои ги носи Заводот. Според Кодексот за работа на европската статистика, „институционалните и организациските фактори имаат значително влијание врз ефективноста и кредибилитетот на статистичкиот орган кој развива, произведува и дисеминира европска статистика“.

## 1.1. Административни капацитети

Законот за државната статистика претставува темелен закон што ги уредува улогата, положбата и надлежноста на Државниот завод за статистика. Со Законот се уредуваат и положбата и надлежноста на овластените носители од аспект на статистичката дејност која ја реализираат тие. Законот беше донесен во 1997 година и во изминатиот период беше менуван и дополнуван девет пати („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20).

Покрај Законот за државната статистика, вториот најважен подзаконски акт што го донесува Владата на Република Северна Македонија, а по предлог на ДЗС, претставува Програмата за статистички истражувања. Во Програмата се наведени статистичките истражувања што ги спроведуваат ДЗС и овластените носители во петгодишен период. Во овој период во примена беше Програмата за статистички истражувања, 2023 – 2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 29/23, 57/25 и 43/26).

### 1.1.1. Човечки ресурси

Организациската структура на ДЗС и надлежностите на вработените се утврдени со Правилник за внатрешна организација на ДЗС и Правилник за систематизација на работните места што се применуваат од 2020 година.

Според овој Правилник, ДЗС е организиран во 9 сектори и 42 одделенија. Од наведениот број одделенија, 3 се организирани надвор од секторите, додека 8 од нив се регионални одделенија што покриваат одредени области од територијата на Република Северна Македонија (Куманово, Тетово, Охрид, Битола, Велес, Штип, Струмица и Скопје).

На 31.12.2025 година состојбата со вработените беше е следнава:

- Вработени лица во ДЗС – 210 (две именувани лица)
- Ангажирани лица по договор за дело во просек – 35

Во текот на 2025 година, престанок на работен однос имаше кај 20 вработени:

- врз основа на пензионирање: 15
- на лично барање/отказ даден од страна на вработениот: 4
- со спогодбено преземање: 1.

**Табела 1: Преглед по звања**

| | Предвидени работни места | Пополнети работни места | % на пополнетост |
|---|---|---|---|
| Директор | 1 | 1 | |
| Заменик-директор | 1 | 1 | |
| Државен советник | 3 | 0 | |
| Раководител на сектор | 9 | 4 | 44.4 |
| Помошник-раководител на сектор | 9 | 2 | 22.2 |
| Раководител на одделение | 42 | 23 | 54.8 |
| Советник | 98 | 54 | 55.1 |
| Виш соработник | 45 | 23 | 51.1 |
| Соработник | 51 | 24 | 47.1 |
| Помлад соработник | 107 | 52 | 48.6 |
| Самостоен референт | 30 | 12 | 40 |
| Виш референт | 11 | 4 | 36.4 |
| Референт | 15 | 6 | 40 |
| Помлад референт | 15 | 3 | 20 |
| Работник | 1 | 1 | 100 |
| **ВКУПНО** | **436** | **210** | **48.2** |

Во Државниот завод за статистика, покрај 210 извршители, две лица, односно директорот на Заводот и заменик на директорот, се именувани лица од Владата на Република Северна Македонија. Од вкупниот број вработени, 207 лица имаат статус на државни службеници, а едно лице има статус на работник.

**Табела 2: Преглед по пол**

| | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Сектор за национални сметки | 5 | 17 | 22 |
| Сектор за деловни статистики | 9 | 17 | 26 |
| Сектор за земјоделски статистики и статистики на животната средина | 8 | 9 | 17 |
| Сектор за социјални статистики | 6 | 7 | 13 |
| Сектор за пазар на трудот и животен стандард | 4 | 7 | 11 |
| Сектор за информатичка поддршка | 3 | 18 | 21 |
| Сектор за дисеминација | 6 | 7 | 13 |
| Сектор за регионални одделенија | 24 | 34 | 58 |
| Сектор за поддршка на работењето на директорот | 8 | 9 | 17 |
| Одделение за финансиски прашања | 0 | 5 | 5 |
| Одделение за внатрешна ревизија | 1 | 1 | 2 |
| Одделение за управување со човечки ресурси | 0 | 3 | 3 |
| Именувани лица | 2 | 0 | 2 |
| Вкупно | 76 | 134 | 210 |

Анализата на податоците покажува дека има големо отстапување помеѓу потребниот (планираниот) број вработени и реалниот број на пополнети работни места. Во Заводот,

50 % од работните места не се пополнети, што значи дека се доведува во прашање нормалното одвивање на работниот процес, исполнувањето на работните задачи, навременоста и квалитетот на реализираните обврски. Пополнетоста на работните места е најкритична кај клучните раководни позиции, односно само 54.8 % изнесува пополнетоста на позицијата раководител на одделение. Состојбата е слична и со останатите работни места и не е одржлива на подолг рок, бидејќи сериозно ја загрозува реализацијата на основната дејност на институцијата.

**Табела 3: Одлив на вработени според причините, 2015 – 2025**

| | Вкупно | Пензионирање | Отказ од вработен | Отказ од институцијата | Смрт | Спогодбено преземање | Именување на функција во друга институција | Разрешување од функција |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | 10 | 2 | 5 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| 2016 | 21 | 13 | 4 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 |
| 2017 | 14 | 9 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2018 | 16 | 11 | 4 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| 2019 | 17 | 7 | 7 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 |
| 2020 | 18 | 13 | 4 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 2021 | 15 | 10 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2022 | 21 | 14 | 5 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| 2023 | 14 | 7 | 4 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 |
| 2024 | 14 | 7 | 3 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| 2025 | 20 | 15 | 4 | 0 | | 1 | 0 | 0 |
| Вкупно | 180 | 108 | 50 | 1 | 3 | 15 | 2 | 2 |

Одливот на вработените прикажан во табела 3 укажува на фактот дека недостатокот на човечки ресурси веќе е сериозен проблем. Во периодот 2015 – 2025 година, одливот на вработени врз различни основи изнесува 180 лица. Треба да се истакне и фактот дека и покрај вработувањата кои се реализирани на почетокот на 2023 година, кога се вработени 39 лица, голем дел од редовните работни и вонредните проектни активности се покриваат со ангажирање лица по договор за дело.

**Табела 4: Вработени во ДЗС според степенот на образование и припадноста кон етничка заедница**

| Работно место | Вкупно | Припадност кон етничка заедница | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Друго |
| Вишо и средно образование | 26 | 16 | 10 | | | | | | |
| Високо образование | 184 | 129 | 37 | 3 | 1 | 2 | 9 | 2 | 1 |
| Вкупно | 210 | 145 | 47 | 3 | 1 | 2 | 9 | 2 | 1 |

Образовната структура на вработените (табела 4) покажува дека 87.6 % од вработените се со високо образование, при што 70 % од Македонците и 20 % од Албанците имаат високо образование.

### 1.1.2. Стручно усовршување на вработените

Стручното усовршување на вработените во ДЗС претставува основен предуслов за создавање стручни, компетентни и високомотивирани вработени кои ќе бидат подготвени да ги задоволат потребите во однос на продуцирањето висококвалитетни и веродостојни статистички податоци, споредливи со развиените земји од ЕУ, не само на ДЗС, туку и потребите на поширок круг корисници. Стручното усовршување и обуката на вработените претставува континуирана активност во ДЗС на која високиот менаџмент посветува големо внимание.

Во 2025 година нема одржано генерички обуки за вработените според Планот за обуки на административните службеници за 2025 година што се во надлежност на Министерството за јавна администрација.

Во 2025 година се реализирани 102 состаноци на кои учествуваа 116 вработени од ДЗС и од другите овластени носители. Исто така, ДЗС имаше 501 учество на 105 обуки (надворешни обуки – експертски мисии, студиски посети, работилници, семинари, курсеви за обука и сл.) организирани од надворешни експерти.

### 1.1.3. Буџет на Државниот завод за статистика

Буџетот на Државниот завод за статистика во 2025 година, наменет за спроведување на редовните програмски и развојни функции, изнесуваше 225.866.000 денари, што претставува зголемување за 63.678.000 денари (33.13 %) во однос на претходната 2024 година.

Со Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/25), буџетот на Заводот беше намален за 39.216.000 денари, а со Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 250/25), буџетот беше намален за 10.530.000 денари.

Во вкупниот буџет на Заводот, учеството на средствата за Програмата 10 – Администрација изнесуваше 1,52 %, за Програмата 20 – Статистички истражувања изнесуваше 97,97 % за Програма МА – Интеграција во ЕУ изнесуваше 0,39 %, за Програма К6 – Реформа на јавната администрација изнесуваше 0,12 %.

Во вкупно одобрениот буџет на Заводот најголемо учество од 73,58 % имаа средствата за плати и надоместоци на вработените во Заводот, надоместокот за годишен одмор на вработените и надоместокот за членовите на Советот за статистика, за комунални услуги 7,72 %, додека средствата за спроведување на статистичките истражувања учествуваа со 10,09 %, средствата за капитални расходи учествуваа со 3,40 %, на делот за субвенции и трансфери отпаѓа 1,50 %.

Во останатиот дел од средствата учество од 3,70 % имаа: патните и дневните расходи со 0,58 %, материјалите и ситниот инвентар со 0,53 %, поправките и тековното одржување со 2,18 %, другите тековни расходи со 0,41 %.

Од претходно дадените параметри на буџетот, може да се констатира неговата неповолна структура, пред сѐ, од аспект на предоминантноста на делот за плати на вработените во однос на средствата за реализација на предвидените статистички истражувања од Петгодишната програма за статистички истражувања.

И покрај големите промени во буџетот на Заводот, искористеноста на одобрените средства со датум 31.12.2025 година изнесува 95,61 %.

### 1.1.4. Внатрешна ревизија

Внатрешната ревизија во ДЗС се спроведува како независна активност на објективно уверување и советување, со цел да се утврди дали се применуваат соодветните политики и процедури, дали се применуваат регулативата и утврдените стандарди, дали средствата се користат ефикасно и економично и дали ефективно се остваруваат планираните цели, во согласност со принципите на законитост, независност, објективност, компетентност, професионалност, интегритет и доверливост.

Во текот на 2025 година, во ДЗС продолжи процесот на воспоставување и функционирање на системот на финансиско управување и контрола (ФУК). Во однос на ФУК, задачата на внатрешната ревизија е да даде препораки за зајакнување на ФУК за транспарентно, регуларно, економично, ефикасно и ефективно користење на расположливите средства.

Внатрешните ревизори во текот на 2025 година извршија 4 ревизии за кои изготвија ревизорски извештаи, врз основа на Стратегискиот и Годишниот план за внатрешна ревизија и плановите за поединечните ревизии, во согласност со меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија. Во наведениот период се изготвени 10 препораки.

Во 2025 година беше изготвен и Годишниот извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за 2024 година.

### 1.1.5. Совет за статистика на Република Северна Македонија

Советот за статистика на Република Северна Македонија претставува стручно и советодавно тело на државната статистика, чија положба и надлежности се утврдени со Законот за државната статистика. Советот за статистика е формиран со Одлука на Собранието на Република Северна Македонија, бр. 08-5684/1 од 2 ноември 2023 година.

Во периодот јануари – декември 2025 година, Советот одржа вкупно 10 седници на кои беа разгледани следните точки:

1. Извештај за работата на Советот за статистика за периодот ноември – декември 2024 година,
2. Предлог-буџет на Советот за статистика за 2025 година
3. Стратегиски план на ДЗС, 2025 – 2027година
4. План на активности за одбележување на јубилејот 80 години Државен завод за статистика
5. Информација за обезбедување пристап до микроподатоци во Државниот завод за статистика
6. План за работа на Државниот завод за статистика за 2025 година,
7. Информација за Статистика на водите
8. Статистичкиот деловен регистар
9. Соработка помеѓу Државниот завод за статистика и Евростат
10. 80 години Државен завод за статистика
11. Класификации што се применуваат за Сметките на животната средина (CEPA, CREMA и CEP)
12. Статистички регистар на вработени во Државниот завод за статистика
13. Систем на управување со квалитетот во Државниот завод за статистика

14. Предлог-измени во Националната класификација на занимањата, НКЗ-08
15. Извештај за работата на Државниот завод за статистика во 2024 година
16. Информација за спроведување на ИПА-проектите во Државниот завод за статистика
17. Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, со посебен осврт на прогресот во доменот на статистиката
18. Програма за работа на Советот за статистика за 2026 година
19. Измени и дополнувања на Програмата за статистички истражувања, 2023 – 2027 година
20. Искуство од стажирањето во Евростат, C3 - Статистики за административни цели.

#### 1.1.6. Координативен комитет

Вториот состав на Координативниот комитет, како стручно координативно и советодавно тело за координирање на државната статистика, е формиран во мај 2025 година од Владата на Република Северна Македонија.

Координативниот комитет е составен од претседател, кој е претставник на Заводот и по еден член како претставник на Народната банка на Република Северна Македонија и на овластените носители наведени во Програмата за статистички истражувања, од редот на вработените кои се одговорни за вршење статистички активности. Во 2025 година Комитетот одржа две седници, од кои едната конститутивна.

### 1.2. Статистичка инфраструктура

#### 1.2.1. Статистички регистри

##### 1.2.1.1. Статистички регистар на просторни единици

Во текот на 2025 година продолжи користењето на просторните податоци од Пописот на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021 година, во планирањето и спроведувањето на статистичките истражувања.

##### 1.2.1.2. Статистички деловен регистар

Статистичкиот деловен регистар (СДР) беше ажуриран редовно со тековна контрола на точноста и квалитетот на податоците, особено на податоците за дејноста, големината, односно на економските и адресните податоци на деловните субјекти.

Во текот на 2025 година продолжија подобрувањето на перформансите на системот и поедноставувањето и функционалноста на корисничкиот интерфејс. Беа подготвени податоците за 2023 година, метаподаточен извештај и извештај за квалитетот, кои беа доставени до Евростат. Продолжува мапирањето со Статистичкиот деловен регистар.
Исто така, воведена е новата Класификација на  дејности – NACE, rev. 2.1.

##### 1.2.1.3. Статистички регистар за вработени

Статистички регистар за вработени (РЕГВРАБ), кој се ажурира со месечна и квартална периодика, со податоци од административните извори од УЈП и од АВРСМ. Продолжува мапирањето со Статистичкиот деловен регистар. Неколку истражувања веќе почнаа да користат податоци од овој регистар.
Неколку истражувања од областа на пазарот на трудот почнаа да ги користат податоците од овој регистар во редовната работа.

### 1.2.2. Управување со квалитетот

Во системот за управување со квалитетот од големо значење се методите и алатките за мерење на квалитетот. Методите и алатките вклучуваат Партнерско оценување што го спроведува Евростат, извештаи за квалитетот и внатрешна ревизија за квалитетот.

Државниот завод за статистика ги започна подготовките за третото Партнерско оценување и за таа цел е формирана работна група, која почна да ги проучува методологијата и другите документи за подготовка и организација на целиот процес.

Продукцијата на извештаи за квалитетот во SIMS-формат е дел од редовната статистичка продукција и тие редовно се објавуваат на веб-страницата. Покрај тоа, зголемен е бројот на статистичките извештаи и подобрена е навременоста при известувањето за квалитетот со подготовка на извештаите за квалитет.

Во однос на внатрешната ревизија на квалитетот, во согласност со Годишниот план за внатрешна ревизија, во 2025 година беа планирани четири, а беа спроведени три ревизии на квалитетот.

### 1.2.3. Користење административни извори на податоци и намалување на оптовареноста на извештајните единици

Намалувањето на оптовареноста на извештајните единици претставува особено важна активност на ДЗС поради што е утврдена како приоритетна цел во приоритетот „Јакнење на соработката со давателите на податоци и носителите на збирки на податоци“ од Стратегискиот план на ДЗС, 2025 – 2027. Притоа, намалувањето на оптовареноста најефективно се постигнува со користење на административните извори на податоци и преку воспоставениот електронски систем за прибирање податоци еСтат во ДЗС.

Во контекст на следењето на активностите на ДЗС за користење на административните извори, формирана е работна група чија основна цел е централизирано да ги следи активностите поврзани со користењето на административните извори (определување рамка за управување, оценка на квалитетот на административните извори, имплементација на препораките од последното Партнерско оценување и идентификување нови можни административни извори).

### 1.2.4. Систем за електронско прибирање податоци

Прибирањето податоци од извештајните единици, покрај со користење хартиени обрасци, се врши и со користење на Системот за електронско прибирање податоци (еСТАТ). Во 2025 година, во системот беа вклучени 26 статистички истражувања, а за првпат овој начин на прибирање податоци беше применет за 1 истражување: Вредност на градежните работи во странство.

Во дел од статистичките домени во ДЗС се користи SDMX-базирана архитектура за стандардизирано известување и дисеминација на податоци, согласно со пропишаниот SDMX-стандард од страна на Евростат. Комбинираниот систем SDMX-SDDS Plus се користи за обезбедување навременост и достапност на сеопфатни економски и финансиски статистички податоци од страна на ДЗС, Народната банка на Република Северна Македонија и Министерството за финансии. Во текот на 2025 година претставници од Државниот завод за статистика, Народната банка на Република Северна Македонија и Министерството за финансии посетуваа обука од страна на експерт од Италија за користење на SDMX-SDDS Plus .

### 1.2.5. Сигурност на податоците и статистичка доверливост

Следејќи ги интересот на корисниците за обезбедување пристап до микроподатоци за научноистражувачки цели, како и препораките на европските и меѓународните статистички институции за обезбедување целосна сигурност на индивидуалните податоци, Државниот завод за статистика обезбеди спроведување методи и техники за заштита од разоткривање на индивидуалните статистички податоци.

Во 2025 година беа регистрирани осумнаесет барања за пристап до микроподатоци.

## 1.3. Информатичка инфраструктура

### 1.3.1. Техничка инфраструктура

Во 2025 година, Државниот завод за статистика ги започна активностите за надградба на мрежната инфраструктура во Државниот завод за статистика и регионалните одделенија со средства од Буџетот на институцијата. За таа цел беа набавени 72 персонални компјутери и беше набавен RDS-сервер.

Во соработка со SIDA, завршија активности за реновирање просторија и Државниот завод за статистика доби нов центар за обука.

## 1.4. Дисеминација

### 1.4.1. Дисеминација на податоците

Главна цел на дисеминацијата е да се обезбеди што поголема достапност и јавност на сите продукти и услуги на ДЗС, со што се исполнуваат современите потреби на корисниците на официјалните статистички податоци.

Преку системот за дисеминација се остварува и една од главните стратегиски определби на институцијата и еден од принципите на квалитетот – сите податоци што се произведуваат од статистичките истражувања да се јавно достапни истовремено за сите корисници и во рок определен со Календарот на објавување на податоците.

### 1.4.2. Статистичките податоци се достапни онлајн

Веб-страницата е главен канал за дисеминација на статистичките податоци и информации. Во 2025 година беше пуштена новата веб-страница изработена во Umbraco CMS и ги следи најновите трендови во презентирањето на информациите во статистичките организации во Европа и во светот.

Во текот на 2025 година, веб-страницата на ДЗС беше посетена 1 499 962 пати (речиси исто како претходната година).

Базата на податоци МакСтат, поставена на веб-страницата на ДЗС, на корисниците им овозможува пристап, селектирање и излезни податоци во различни формати (xlsx, csv, json...), како и автоматизиран пристап до податоците во неа преку API. Во 2025 година, бројот на посети на базата на податоци изнесува 153 063 (намалување од 26 % во однос на претходната година ). Од следењето на посетеноста, најпосетени табели во 2025 година беа табелите од областите: Пазар на трудот, Население, Надворешна трговија, Пописи, Бруто-домашен производ.

**Графикон 1. Посети на базата на податоци МакСтат на веб-страницата на ДЗС, 2025 година**




### 1.4.3. Публицистичка дејност на институцијата

Резултатите од статистичките истражувања, објавени во статистичките публикации, се достапни за корисниците во земјата и во странство.

Статистиката за дисеминацијата покажува дека во 2025 година се остварени следните резултати:

- Во текот на 2025 година беа објавени вкупно 318 соопштенија, 4 мултидоменски публикации, 2 статистички прегледи и 12 изданија на Месечниот статистички извештај:

  - ***„Статистички годишник на Република Северна Македонија"*** – публикација во која се презентирани статистички податоци за демографската, социјалната и економската состојба во Република Северна Македонија, како и податоци за подолг временски период. Во посебно поглавје се презентирани споредбени податоци со другите земји во Европа и во светот.

  - ***„Северна Македонија во бројки"*** – мал статистички годишник во кој преку табели и графикони се презентирани податоци за Република Северна Македонија од сите области што се покриени со истражувањата што ги спроведува Државниот завод за статистика.

  - ***„Регионите во Северна Македонија"*** **–** содржи најнови економски и социодемографски податоци за регионите во државата. Статистичките податоци за регионите претставуваат придонес во исполнувањето на обврските на Република Северна Македонија во рамките на регионалната политика на Европската Унија. Во оваа публикација, преку јасни и едноставни табели, мапи и графикони, статистичките региони се претставени во повеќе области, а кратките коментари придонесуваат за едноставно забележување на карактеристиките, сличностите и разликите меѓу регионите.

- ***„МакСтат избор“*** – за првпат објавена во 2016 година, во која на еден поинаков начин се презентирани дел од податоците со кои располага Заводот, а за кои ценевме дека се интересни за поголемиот дел од нашите корисници. Публикацијата е поделена во 20 области во кои преку табели, графикони, инфографици и кратки коментари се презентирани трендовите на дел од појавите што ги следи статистиката. Низ страниците се преточени голем број податоци кои визуелно ги претставуваат социоекономските случувања во Република Северна Македонија и претставуваат слика на она што е денес нашата земја.

Сите публикации се расположливи за корисниците и на веб-страницата на Државниот завод за статистика: www.stat.mk и www.stat.gov.mk.

Во 2025 година, најпребарувани беа соопштението за просечната нето-плата, потоа соопштението за просечната бруто-плата, соопштението за индексите на трошоците на животот и на цените на мало итн.

### 1.4.4. Едноставно доставување на податоците до корисниците

Освен податоците и информациите на веб-страницата, корисниците имаат можност да доставуваат барања за податоци и информации. Во текот на 2025 година беше одговорено на 457 барања за статистички податоци, од кои најголем дел беа одговорени по електронска пошта, а беа дадени и околу 500 телефонски информации за статистички податоци.

### 1.4.5. Поголема застапеност на статистичките податоци во медиумите и ПР-активности

Заводот и во 2025 година беше активен на својот профил на Фејсбук со објавување на над 100 објави и со над 2700 следачи, и шеесетина објави на Инстаграм.

### 1.4.6. Ефикасност на процесите

Во согласност со Кодексот на работа на европската статистика, особено во делот на принципите за статистичките аутпути, Државниот завод за статистика ги пресмета индикаторите за навременост (број на денови од референтниот период до денот на публикување) и прецизност (број на денови од денот определен во календарот на навременост до реалниот ден на објавување) за период 2021 – 2025, како резултат од проектот со Шведската статистика и СИДА.

Табела 7: Показатели на успешност

| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени соопштенија | 325 | 325 | 326 | 331 | 330 |
| Навременост (%)<br>-тригодишна варијација | - | 0.0 | 1.8 | 1.1 | 0.1 |
| Прецизност (%) | 95 | 95 | 92 | 95 | 97 |

Резултатите покажуваат дека:

- обемот на производство (број на соопштенија) е на исто ниво,
- во однос на навременоста се намалува тригодишната варијација,
- прецизноста е стабилна и изнесува над 90 %.

# 2. СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ

## 2.1. Сектор за социјални статистики

### 2.1.1. Одделение за статистика на населението

- Во 2025 година, во Одделението за статистика на населението се реализирани 7-те годишни статистички истражувања во согласност со Годишната програма за работа и навремено се објавени 4-те квартални и 5-те годишни соопштенија и ажурирани се објавените податоци во базата МАКСТАТ во согласност со Календарот на објавување. Извршена е трансмисија на податоците преку eDamis на трите редовни годишни прашалници на Евростат (DEMOBAL, NAWCAST и POPSTAT) со користење на SDMX-форматот на податоците за проценката на населението, виталните статистики (родените, умрените, склучените и разведените бракови) и миграциите (доселени и отселени и странци), како и метадата-прашалникот за овие статистички истражувања за 2024 година.
- Во рамките на твининг-проектот на ЕУ „Подобрување на квалитетот на статистиката на животна средина и здравствените статистики, 2024 – 2026“, во доменот на социјалните статистики продолжија активностите за: методолошка поддршка и подготовки за спроведување на Европската анкета за општата здравствена состојба на населението и воспоставувањето Статистички регистар на населението за подобар избор на примерок за анкетните истражувања во доменот на социјалните статистики.
- Продолжија активностите за надминување на евидентните проблеми при собирањето на податоците и разгледувањето на можностите за нови начини на обезбедување на податоците по електронски пат од Управата за водење на матичните книги во соработка со Министерството за дигитална трансформација и Министерството за внатрешни работи како институции надлежни за обезбедувањето на податоците за статистичките истражувања во доменот на статистиката на населението.

### 2.1.2. Активности во другите области од социјалните статистики

- Во соработка со Министерството за образование и наука, Државниот завод за статистика (ДЗС) работи на обезбедување податоци за основното и средното образование на ниво на ученик користејќи ги податоците од МОН како административен извор. Во соработка со Министерството за дигитална трансформација, развиени се четири дигитални обрасци за спроведување на истражувањата за запишани студенти на додипломски студии (ВОИ.20), како и за дипломирани студенти на додипломски (ВОИ.50) и постдипломски студии (ВОИ.70 и ВОИ.80). На овој начин се овозможува студентите да ги доставуваат податоците по електронски пат наместо во хартиена форма. Во текот на 2025 година се завршија сите планирани подготвителни активности (подготовка на методолошки документи, образец и избор на примерок) за спроведување на Анкетата за континуирана

професионална обука – АКПО 7. На почетокот на 2026 година започна спроведувањето на анкетата на терен.

Извршена е трансмисија преку eDamis на редовниот годишен прашалник UN-CTS на Евростат и UNODC за статистиките на криминалот за 2024 година, како и на метадата-прашалник од истата област за 2024 година. Во текот на 2025 година навремено се објавени сите соопштенија од областа на социјалната заштита, судските и јавните статистики и статистиките на културата.

**Реализирани статистички истражувања**

| Периодика – област | **Број на истражувања во 2024 година** | **Број на истражувања во 2025 година** |
|---|---|---|
| **Одделение за статистика на население** | | |
| годишни | 7 | 7 |
| десетгодишни<br>Попис на населението, домаќинствата и становите | – | |
| **вкупно** | **7** | **7** |
| **Одделение за социјална заштита, судски и јавни статистики** | | |
| годишни | 25 | 19 |
| двегодишни | - | |
| тригодишни | 2 | 1 |
| петгодишни | - | |
| вкупно | **27** | **20** |
| **Одделение за образование и наука** | | |
| годишни | 18 | 16 |
| двегодишни | - | |
| тригодишни | - | |
| петгодишни | - | 1 |
| десетгодишни | - | |
| вкупно | **18** | **17** |
| **Вкупно: Сектор за социјални статистики** | **52** | **44** |

## 2.2. Сектор за пазар на трудот и животен стандард

### 2.2.1. Сектор за пазар на трудот и животен стандард – активности

Во 2025 година, Секторот за пазар на трудот и животен стандард целосно ги реализира планираните статистички активности во согласност со Годишната програма за статистички истражувања. Притоа, беа обезбедени навремено прибирање и продукција на податоците, нивна дисеминација и редовна трансмисија до Евростат.

Во областа на пазарот на трудот, во текот на 2025 година:

• Беше спроведена анализа на податоците од Анкетата за работната сила по имплементацијата на Регулативата IESS, со фокус на оценката на конзистентноста на временските серии. Резултатите од анализата покажаа дека примената на новата методологија согласно со Регулативата IESS не предизвика значителни промени кај главните индикатори на пазарот на трудот, со што се потврдува континуитетот и споредливоста на временските серии.

• Беше подготвена документација за инвентарот со цел идентификување на можните отстапувања од барањата на ЕУ-АРС и формулирање препораки за нивно надминување, со цел постигнување целосна методолошка и техничка усогласеност.

• Во 2025 година беа доставени вкупно 19 квартални и 4 годишни податочни сетови до Евростат, при што целосно беше надминат недостигот во податоците од Анкетата за работната сила. Во декември 2025 година, во базата на податоци на Евростат беа објавени сите квартални и годишни податоци за периодот од 2021 година до третиот квартал од 2025 година.

• Соопштението за четвртиот квартал од 2025 година беше објавено седум дена порано во споредба со претходните години.

• Во овој период беше збогатена базата МакСтат со нови, често барани серии на податоци, со што значително се подобри достапноста и употребливоста на податоците од АРС.

• Во рамките на проектните активности, беше интензивирана соработката со Евростат, при што беше воведена можност за годишна пресметка на главните индикатори од базите на микроподатоци за транзициите помеѓу различни статуси на пазарот на труд – од вработеност во вработеност, од вработеност во невработеност и од вработеност во неактивност, за лица на возраст од 15 до 74 години.

• Во 2025 година беа објавени податоците од модулот „Младите на пазарот на трудот“ за 2024 година во базата МакСтат. Во текот на истата година се спроведуваше модулот „Усогласеност на работата и семејниот живот“, додека подготовките за модулот за 2026 година – „Вработување преку дигитални платформи“ – беа целосно реализирани во предвидените рокови.

• За првпат во 2025 година, Државниот завод за статистика започна со доставување месечни податоци за невработени лица од административен извор до Евростат, при што беше склучен Договор за размена на податоци со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и се овозможи редовна размена на податоци, дезагрегирани по возраст и пол.

• Евростат обезбеди стандардизиран табеларен формат за доставување историска временска серија почнувајќи од јануари 2006 година.

• По доставувањето на комплетната временска серија за периодот 2006 – 2025 година, Евростат започна со пресметка на месечната стапка на невработеност, користејќи ја истата методологија што се применува за Луксембург, Хрватска и Босна и Херцеговина.

• Во областа на социјалната заштита (ESSPROS), во 2025 година успешно беше повторно воспоставена трансмисијата кон Евростат по претходен прекин, при што Државниот завод за статистика ги прибра, обработи и ги достави сите податочни сетови за референтниот период 2018 – 2023 година преку системот EDAMIS, како реконструирана временска серија, со што се обезбеди континуитет и усогласеност со европските барања.

• Во согласност со роковите договорени со Евростат, во 2025 година беа доставени следните податочни сетови од ESSPROS за референтниот период 2018 – 2023 година:

- BENEF
- QUALSCH
- QUALBEN
- EXPENDITURES
- RECEIPTS
- NET
- QRNET
- QRPENB
- QUALREP
- ESSPROS Scheme

• Дополнително, во областа на статистиките за слободни работни места (АСРМ/JVS), податоците континуирано се обезбедуваат врз основа на административни извори, со што се обезбедуваат навремена продукција, редовна дисеминација и трансмисија до Евростат.

• Во доменот на статистиките за плати, континуирано се обезбедува редовна и навремена продукција и дисеминација на месечните податоци за просечната нето- и бруто-плата, врз основа на административни извори, при што податоците редовно се доставуваат до Евростат (краткорочни статистики) и во рамките на SDDS+, со што се обезбедува висока релевантност, доверливост и споредливост на податоците. Овие податоци претставуваат еден од клучните статистички продукти и имаат значителна примена во креирањето економски и социјални политики.

• Во делот на статистиките за трошоците на трудот, Структурата на заработувачката (АСЗ/SES) се реализира со користење административни податоци, со што се унапреди квалитетот на податоците, додека Анкетата за цена на труд (АЦТ/LCS) се спроведува со комбиниран метод. Истовремено, во 2025 година беа интензивирани активностите за воспоставување на Индексот на цената на трудот (LCI) во рамките на ИПА-проектите, со цел воспоставување редовна продукција во согласност со европските регулативи. Дополнително, редовно се доставуваат податоци за минималната плата до Евростат.

• Во областа на животниот стандард, редовно се спроведуваат Анкетата за потрошувачката на домаќинствата (АПД) и Анкетата за приходите и условите за живеење (АПУЖ), при што во 2025 година беше воведен нов, дигитализиран метод на прибирање податоци (CAPI) за

АПУЖ, односно анкетирање со помош на лаптопи наместо со хартија, што претставува важен чекор во модернизацијата на статистичкото производство што придонесе за унапредување на квалитетот, ефикасноста, навременоста и конзистентноста на податоците.

• Во 2025 година беше надминато заостанувањето во објавувањето на податоците за стапката на сиромаштија, при што беа подготвени и објавени податоците за периодот 2022 и 2023 година, како и претходните податоци за 2024 година, а за наведениот период беше извршена и нивна трансмисија до Евростат.

• Дополнително, значителен напредок беше постигнат во статистиките за цените, преку редовна месечна трансмисија на HICP-податоците до Евростат, воведување на новата класификација ECOICOP, верзија 2 и нова базна година, подготовка на претходни серии и метаподатоци (weights, inventory), како и реализација на активности во рамките на ИПА-проектите за понатамошно унапредување на методологијата.

• Во текот на 2025 година беше постигнато дополнително подобрување на навременоста и достапноста на податоците, преку збогатување на базата МАКСТАТ со нови серии и порано објавување на одредени статистички резултати.

И покрај постигнатите резултати, во текот на 2025 година Секторот за пазар на трудот и животен стандард се соочуваше со предизвици поврзани со зголемениот обем на обврски кон Евростат, потребата од дополнително зајакнување на административните извори на податоци, како и обезбедување доволно човечки и технички ресурси за одржување на квалитетот и навременоста на статистичкото производство. Дополнително, имплементацијата на нови класификации, како NACE, Rev. 2.1 и ECOICOP, верзија 2, наметнува потреба од понатамошни методолошки и организациски приспособувања.

**Реализирани статистички истражувања**

| Периодика – област | **Број на истражувања во 2024 година** | **Број на истражувања во 2025 година** |
|---|---|---|
| **Одделение за животен стандард** | | |
| месечни | 1 | 1 |
| годишни | 2 | 2 |
| аналитички | 1 | 1 |
| десетгодишни | 1 | |
| **вкупно** | **5** | |
| **Одделение за пазар на трудот** | | |
| тримесечни (АРС) | 1 | 1 |
| годишни (ESSPROS) | | 1 |
| четиригодишни (РБН) | - | |
| шестгодишни (АОВ) | - | |
| **вкупно** | **1** | **2** |

| Периодика – област | **Број на истражувања во 2024 година** | **Број на истражувања во 2025 година** |
|---|---|---|
| **Одделение за плати** | | |
| месечни (Труд.1) | 1 | 1 |
| тримесечни (АСРМ и ИЦТ)<br>годишни (Труд,21) | 2<br>1 | 2<br>1 |
| четиригодишни (АСЗ и АЦТ | 1 | 2 |
| **вкупно** | **4** | **6** |
| **Вкупно: Сектор за пазар на трудот** | **10** | **12** |

## 2.3. Национални сметки

### 2.3.1. Национални сметки – активности

- Во областа на макроекономските статистики континуирано се работеше на подобрување на податоците во согласност со СНС, 2008 (System of National Accounts, SNA 2008) и ЕСС 2010 (European System of Accounts, ESA 2010) и нивна трансмисија до ЕВРОСТАТ.
- Се работеше на аналитичките истражувања и истражувањата со статистички обрасци.
- Започнаа активности поврзани со големата ревизија во националните сметки. Базната година за оваа ревизија е 2022 година. Ревизијата ќе го опфати периодот од 2018 до 2024 година. Ревидираните податоци ќе бидат објавени на 30 септември 2026 година. Планирано е ревизијата да ги опфати следните клучни активности:
    - Подобрување на усогласеноста со меѓународните стандарди, вклучувајќи имплементација на нови методи за пресметка на одредени категории.
    - Подобрување на изворите на податоци со цел зголемување на точноста и доверливоста на проценките.
    - Воведување нови класификации, особено COICOP 2018.
    - Корекција на недоследности и грешки идентификувани во изминатите години.
- Тековно се работи на реализацијата на статистичките проекти од ИПА 2022 (МБП) – регионална. Во областа на националните сметки се спроведуваат 7 проекти, и тоа:
  Статистика на владини финансии; Паритет на куповната моќ; Трансмисија, годишни и тримесечни национални сметки; Методологија за национални сметки; Годишни секторски сметки, Табели на понуда и употреба и надворешна трговија со услуги.
- Континуирано беа испраќани податоци за клучните табели според Програмата за трансмисија на податоци ЕСС 2010 на Евростат. Беа подготвени и испратени во

Евростат табелите Т01БДП – БДП по компоненти и на ниво на А10 според НКД, рев 2. за 2024 година (претходни податоци) и за 2023 година (дефинитивни податоци) на годишно ниво, податоци за БДП на тримесечно ниво, заклучно со третото тримесечје од 2025 година. Сезонските и календарски приспособените податоци редовно се пресметуваат и се трансмитираат до Евростат, при што се користи македонскиот национален календар. Податоците се пресметуваат во софтверот ЈДеметра ++.

- Табелата Т2200 со податоци за серијата 2000 – 2023 година, дефинитивни податоци и претходни податоци за 2024 година беа испратени до Евростат и беше извршена нивна валидација.
- Согласно трансмисиската програма на Евростат, подготвени се и преку ЕДАМИС се трансмитирани табелите Т1001 – Табела по дејности, А*10 (НТЕС 3), за периодот од 2000 до 2024 година и Т1002 – Табела по дејности и по региони (НТЕС 2) за периодот од 2000 до 2023 година.
- Беше подготвена и испратена до Евростат табелата Т0800 – Годишни секторски сметки за 2023 година (дефинитивни податоци).
- Табелите за понуда и употреба на стоки и услуги за 2022 година се објавени во 2025 година и испратени во Евростат. Табелите 1610-12 и 1700-1900 по тековни цени за 2010 година се испратени за комплетирање на трансмисиската серија. Испратена е табелата за понуда 1500 во основни цени за 2022 година, вклучувајќи и трансформација во набавни цени, по цени од претходна година. Исто така табелата за употреба 1600 по набавни цени за 2022 година е трансмитирана по цени од претходната година.
- Во текот на 2025 година, сите податоци поврзани со Паритетот на куповната моќ (ПКМ) се редовно подготвени и трансмитирани согласно со Годишната работна програма. Испратените податоци се однесуваат на следните истражувања:

  Е 25-1 Куќа и градина; Е 25-2 Транспорт, ресторани и хотели; Градежништво 2025; Опрема 2025; Плати и надоместоци за одредени занимања; Ренти; Бруто-домашен производ по COICOP; ДДВ за инвестиции во основни средства.

- Во април и октомври 2025 година беа подготвени и испратени до Евростат ЕДП-нотификациските табели за периодот од 2021 до 2024 година и планираните податоци за 2025 година, како и Прашалниците (1-5) поврзани со ЕДП-нотификациските табели. Прашалниците се сè уште во процес на подобрување. Континуирано се одговараше на прашањата на Евростат за потврдување на испратените податоци.
- ДЗС ги обезбедува потребните извори на податоци од институциите кои се дел од работната група формирана за подготвување на здравствените национални сметки. Пресметани, валидирани од СЗО и публикувани се податоци за здравствените сметки за периодот од 2017 до 2022 година. Тековно се работи на составување на здравствените сметки за 2023 година.
- Редовно се одвиваа активности во областа на надворешната трговија. Во 2024 година беа подготвени и објавени во соопштение ТЕК-податоците (стоковна размена според економските карактеристики на претпријатијата) за референтната 2022

година. Податоците беа доставени до Евростат во формат SDMX, вклучувајќи ги сите задолжителни и факултативни поделби. Податоците се публикувани на веб-страницата на Евростат.

- Податоците од меѓународна трговија според фактурирана валута, за референтен период 2024 година, се обработени и доставени навреме до Евростат, согласно со последното Методолошко упатство на европските бизнис-статистики за трговија според фактурирана валута (ТФВ).
- Во текот на 2025 година за сите модули од статистиката на меѓународна трговија – меѓународна трговија за стоки, меѓународна трговија според економските карактеристики на претпријатијата и за меѓународна трговија според фактурирана валута беа пополнети извештаите за квалитет во Евростат со користење на алатката ESS-MH (ESS Metadata Handler application). Метаподатоците редовно се документираат во националниот систем за продукција на референтни метаподатоци согласно со стандардот SIMS v2.0. ESMS v2.0-фајлови со метаподатоци се јавно достапни на веб-страницата на ДЗС.
- Редовно беа испраќани податоци до ММФ во согласност со стандардот СДДС плус.
- Во согласност со препораките и барањата на Евростат, Државниот завод за статистика го спроведе петтото пилот-истражување за надворешна трговија со услуги кај деловните субјекти, со референтен период за секое тримесечје од 2025 година, со цел да го продолжи воспоставувањето национален систем за производство на овие податоци. Во декември 2025 година, беа испратени до Евростат експерименталните податоци за 2024 година.

**Реализирани статистички истражувања**

| Периодика – област | **Број на истражувања во 2024 година** | **Број на истражувања во 2025 година** |
|---|---|---|
| годишни | 2 | 2 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| месечни | 1 | 1 |
| по план за анкети од Евростат | 7 | 7 |
| аналитички | 43 | 43 |
| **Вкупно: Сектор за национални сметки** | 54 | 54 |

## 2.4. Сектор за деловни статистики

Во делот на статистичките истражувања од областа на деловните статистики (прибирање, обработка и дисеминација), во 2025 година беше реализирано следното:

- Податоците за перформансите на претпријатијата контролирани од странство за референтната 2023 година се пресметани и објавени во септември 2025 година, што претставува значително подобрување во однос на роковите од претходната година. По примената на процедурата за доверливост, податоците се доставени до Евростат.
- Продолжува редовната продукција на структурно-деловните статистики. Објавени се дефинитивни податоци за 2023 година и прелиминарни податоци за 2024 година за основните економски показатели на претпријатијата, како и за карактеристиките на деловните услуги.
- Во областа на демографијата на претпријатијата, подготвени се и доставени во SDMX-формат до Евростат бараните податочни сетови за референтната 2023 година.
- Краткорочни статистики – редовно се прибираат податоци за индексот на цените на производителите на услуги за 9 вида услуги, засега се пресметува и се објавува индексот за 3 вида услуги, а со новата базна година (2025), која ќе почне да се применува од 2028 година, ќе започне пресметувањето и објавувањето на индексите и за другите видови услуги. Редовно се продуцираат и сите други краткорочни статистики од областа на индустријата, градежништвото, трговијата и услугите.
- Истражување PRODCOM – се следат промените во PRODCOM и редовно се имплементираат. Податоците беа доставени до Евростат.
- Редовно се ажурира Статистичкиот деловен регистар и се подготвуваат метадата-извештајот и извештајот за квалитет во кој се известува и за новите статистички единици – единици според активноста (KAU – kind of activity units) и сложени претпријатија (статистичка единица која е составена од два или повеќе правни субјекти).
- Статистиките за туризам, истражување и развој, иновации и користење ИКТ во деловните субјекти и домаќинствата редовно се продуцираат и се доставуваат до Евростат, заедно со извештај за квалитет.

**Реализирани статистички истражувања**

| Периодика – област | **Број на истражувања во 2024 година** | **Број на истражувања во 2025 година** |
|---|---|---|
| **Одделение за внатрешна трговија, туризам и угостителство** | | |
| **Внатрешна трговија** | | |
| тримесечни | 1 | 1 |
| месечни | 1 | 1 |
| двегодишни | 1 | |

| Периодика – област | **Број на истражувања во 2024 година** | **Број на истражувања во 2025 година** |
|---|---|---|
| **Туризам и угостителство** | | |
| месечни | 2 | 2 |
| тримесечни | 2 | 2 |
| годишни | 2 | 1 |
| **тригодишни** | | 2 |
| **вкупно** | **9** | **9** |
| **Одделение за индустрија, градежништво и деловни тенденции** | | |
| **Индустрија** | | |
| месечни | 3 | 3 |
| годишни | 1 | 1 |
| **Градежништво** | | |
| месечни | 2 | 2 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| годишни | 5 | 5 |
| **вкупно** | **12** | **12** |
| **Одделение за статистички деловен регистар** | | |
| годишни | **1** | **1** |
| **Одделение за структурни деловни статистики и ФАТС и демографија на претпријатија** | | |
| годишни | 4 | |
| полугодишни | | |
| тримесечни | | |
| месечни | | |
| **Вкупно** | **4** | |
| **Одделение за цени** | | |
| годишни | | |
| полугодишни | | |
| тримесечни | 1 | 1 |
| месечни | 5 | 5 |
| **Вкупно** | **6** | **6** |
| **Одделение за ИКТ, истражување и развој и иновации** | | |
| годишни | 5 | 5 |

| Периодика – област | **Број на истражувања во 2024 година** | **Број на истражувања во 2025 година** |
|---|---|---|
| двегодишни | | 1 |
| **Вкупно** | 6 | 6 |
| **Вкупно: Сектор за деловни статистики** | 37 | 37 |

## 2.5. Сектор за земјоделски статистики и статистики на животната средина

### 2.5.1. Во доменот на земјоделските статистики и статистиките на животната средина реализирани се следните активности:

- Идентификувани се нови индикатори за животната средина
- Пресметани се и испратени во Евростат Сметките за шумарството за 2023 година
- Подготвено и спроведено е пилот-истражувањето за живинарство, во рамките на Анкетата за добитокот
- Податоците за 2023 година за инпут/аутпут-цени во земјоделството се доставени до Евростат
- Усвоен е нова ексел алатка за пресметка на економските сметки во земјоделството
- Направено е усогласување на образецот за попис на земјоделството согласно со регулативите на ЕУ
- Спроведена е Анкетата за потрошувачката на енергија во домаќинствата
- Обработени се податоците од спроведената Анкета за потрошувачката на енергенти во комерцијалниот и во услужниот сектор
- Во енергетските биланси за 2023 и 2024 година се импутирани податоците добиени од Анкетата за потрошувачката на енергенти во комерцијалниот и во услужниот сектор
- Постигнат е целосен опфат на потрошувачката на електрична енергија во сите деловни субјекти на национално ниво, како и целосен опфат на произведената електрична енергија во енергетските компании чија главна дејност е производство на електрична енергија и деловните субјекти кои произведуваат соларна електрична енергија за сопствени потреби и за продажба
- Спроведено е пилот-истражувањето за мобилноста на патниците.

Реализирани статистички истражувања

| Периодика – област | Број на истражувања во 2024 година | Број на истражувања во 2025 година |
|---|---|---|
| **Одделение за животна средина, енергетика и транспорт** | **40** | **41** |
| **Животна средина** | **8** | **8** |
| Двегодишни | 2 | 2 |
| Годишни | 6 | 6 |
| **Водостопанство** | **3** | **3** |
| Тригодишни | / | / |
| Годишни | 3 | 3 |
| **Енергија** | **13** | **14** |
| Тригодишни | / | / |
| Петгодишни | / | 1 |
| Годишни | 5 | 5 |
| месечни | 6 | 6 |
| Полугодишни | 2 | 2 |
| **Транспорт** | **16** | **16** |
| Годишни | 12 | 12 |
| Петгодишни | / | / |
| Месечни | 1 | 1 |
| Тримесечни | 3 | 3 |
| **Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на земјоделски стопанства** | **24** | **25** |
| **Земјоделство - општо** | **4** | **4** |
| Тригодишни | / | / |
| Годишни | 1 | 1 |
| Месечни | 3 | 3 |

| Периодика – област | Број на истражувања во 2024 година | Број на истражувања во 2025 година |
|---|---|---|
| **Растително производство** | **7** | **7** |
| Годишни | 7 | 7 |
| **Добиточно производство** | **5** | **5** |
| Годишни | 3 | 3 |
| Месечни | 2 | 2 |
| **Шумарство** | **6** | **6** |
| Годишни | 5 | 5 |
| Тримесечни | 1 | 1 |
| **Лов и риболов** | **2** | **2** |
| Годишни | 2 | 2 |
| **Цени во земјоделството** | | **1** |
| Тримесечни | / | 1 |
| **Вкупно: Сектор за земјоделски статистики и статистики на животната средина** | **64** | **66** |

## 2.6. Сектор за регионални одделенија

Во согласност со Правилникот за внатрешна организација, ДЗС е организиран во централна институција во Скопје и осум регионални одделенија (РОС) на територијата на целата држава (Скопје, Тетово, Куманово, Велес, Штип, Битола, Охрид и Струмица).

Основната улога на регионалните одделенија е прибирање податоци, шифрирање и прва контрола на статистичките обрасци кои се прибираат од извештајните единици. За одреден број статистички истражувања, РОС вршат внес и техничка обработка на податоците (од областа на демографијата). Покрај наведената улога, регионалните одделенија имаат важна улога во процесот на формирање и ажурирање на анкетарската мрежа. Имено, регионалните одделенија имаат примарно значење во постапката на евидентирање и селектирање на кандидатите за анкетари кои ја составуваат анкетарската мрежа на ДЗС, како и во секојдневниот контакт со нив при спроведувањето на анкетните истражувања.

Со оглед на тоа дека во ДЗС сè уште примарен извор на податоци се извештајните единици кои доставуваат податоци преку статистички обрасци, регионалните одделенија, и покрај сè поголемото значење на административните извори на податоци, и понатаму имаат примарна улога во процесот на обезбедување статистички информации од терен.

# 3. ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

## 3.1. Европска интеграција

Процесот на европска интеграција на Република Северна Македонија во областа на статистиката се реализира во непосредна соработка со Евростат, кој му дава помош и поддршка на ДЗС, како национален координатор на статистичкиот систем на државата, во процесот на усогласување на националните статистички стандарди и податоци со меѓународните статистички стандарди и податоци, особено од земјите членки на ЕУ.

Државниот завод за статистика, како координатор на Работната група број 18 – Статистика, во функција на редовно, квалитетно и навремено следење и информирање за напредокот во усвојувањето на законодавството на ЕУ, континуирано го организира и го координира работењето на Работната група.

На состанокот на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика, одржан во 2025 година, Европската комисија, исто како и во претходната година, го потенцира прогресот што го има направено ДЗС во периодот помеѓу состаноците.

Во Извештајот на ЕК за напредокот на Република Северна Македонија во 2025 година се констатира дека државата постигна помеѓу умерено и добро ниво на подготвеност во областа на статистиката. Постигнат е одреден напредок, главно, во статистиката на пазарот на трудот и доставувањето статистички податоци во поголем обем.

Препораките на Комисијата од минатата година не беа целосно спроведени и остануваат во голема мера да важат. Во наредната година, Северна Македонија особено треба:

- Да ја заврши подготвителната работа за наредниот попис на земјоделството;
- Да продолжи да обезбедува доволно кадар и финансиски ресурси за Државниот завод за статистика;
- Да продолжи со унапредување на макроекономските статистики, особено преку обезбедување транспарентност на статистичките податоци, зголемување на усогласеноста, навременоста и опфатот на постапката за прекумерен дефицит и владината финансиска статистика и со натамошно усогласување на финансиските сметки и квартални национални сметки со Европскиот систем на сметки 2010 (ESA 2010).

Поглавјето 18 – Статистика е дел од првиот кластер на поглавјето Фундаментални вредности. Активностите во ова поглавје овозможуваат Националниот статистички систем соодветно да ги исполни барањата на правото на ЕУ во областа на статистиката. Правилата и политиките на ЕУ во оваа област имаат за цел обезбедување висококвалитетни статистички податоци во согласност со регулативите на ЕУ и со меѓународните препораки.

## 3.2. Меѓународни проекти во кои беше вклучен ДЗС

### 3.2.1. Тековни проекти на Европската комисија

3.2.1.1. Национални проекти

- **Национален проект на Шведската статистика и ДЗС: Статистиката во согласност со потребите на корисниците и европските барања**

Проектот има за цел да го подобри севкупниот капацитет на ДЗС за производство и дисеминација на квалитетни статистики за да обезбеди зголемена достапност на статистиката во согласност со потребите на сегашните и идните корисници, како и барањата на законодавството на ЕУ во статистиката. Проектот е заеднички имплементиран од Државниот завод за статистика и Шведската статистика, а финансиран од СИДА.

Проектот се состои од следниве компоненти:

#### Компонента 1 – Менаџмент

Зајакнато искористување на човечките ресурси преку:

- Развивање на структуриран систем за внатрешна комуникација
- Развивање и пуштање во употреба на обновен интранет
- Поддршка на ДЗС да развие нова организациска структура
- Имплементација и користење на систем за планирање и мониторинг
- Спроведување анкета за задоволство на вработените

Одржани се 2 студиски посети: една за организациска структура и една за интранет. Исто така, одржани се 3 мисии во рамки на оваа компонента.

#### Компонента 2 – Статистичка методологија

Зајакнат капацитет за методологии преку:

- Воспоставување функција за методолошка поддршка
- Создавање структурирана документација за производството на статистики
- Воспоставување програма за обука за методологија.

Одржани се 1 мисија и 1 обука во рамките на оваа компонента.

#### Компонента 3 – Информатичко-комуникациска технологија

Модернизирано ИКТ-работење преку:

- Подготовка на политика за ИТ-алатки и системи
- Развивање програма за обука за ИКТ
- Формирање центар за обука

- Поддршка на ДЗС за консолидирање бази на податоци
- Понатамошно развивање на Системот за управување со безбедноста на информациите
- Пуштање во употреба на новата веб-страница
- Понатамошна поддршка на развојот на базата МАКСТАТ.

Одржана е 1 мисија во рамките на оваа компонента.

**Компонента 4 – Регистри**

Зголемена употреба на регистри преку:

- Користење на Регистарот на вработени
- Развивање на Регистар за образование
- Изготвување патоказ за производство на статистики засновано на регистри.

Одржана е 1 мисија во рамките на оваа компонента.

Клучни постигнувања од овој проект во 2025 година се пуштањето во употреба на новата веб-страница на ДЗС, како и новиот центар за обуки.

- **Национална ИПА 2022 – Твининг-проект „Подобрување на квалитетот и опфатот на статистиките за животната средина и здравствените статистики“.**

Општата цел која треба да се постигне со овој проект е подобрување на користењето статистички и финансиски податоци во носењето и спроведувањето политики преку зајакнување на капацитетите за производство и дисеминација на статистики за животната средина и здравствените статистики.

Проектот ги содржи следниве компоненти:

**Компонента 1 – Статистики за животна средина и земјоделство**

- Подобрување на квалитетот на статистиките за отпад
- Подобрување на усогласеноста на статистиките за вода со стандардите на ЕУ
- Подобрување на квалитетот и бројот на објавените индикатори за статистиките за животната средина
- Користење административни извори за производство на статистики за животната средина
- Составување монетарни сметки за животната средина
- Подобрување на статистиките за енергијата
- Подобрување на статистиките за шумарството и земјоделството.

Одржани се 14 мисии и 1 студиска посета во рамките на оваа компонента.

**Компонента 2 – Здравствени статистики**

- Подготвување Европска анкета за здравство (ЕХИС)
- Подобрување на здравствените сметки.

Одржани се 8 мисии и 1 студиска посета во рамките на оваа компонента.

3.2.1.2. Повеќекориснички проекти

- **Повеќекорисничка програма за статистичка соработка ИПА 2022**

Овој проект започна на 1 јануари 2024 година и ќе трае до 31 декември 2027. Целта на проектот е надградба и зајакнување на статистичките системи во земјите кориснички и натамошно зајакнување на интеграцијата на корисниците во рамките на ЕСС.

Следниве статистички проекти се опфатени со програмата:

Грант:

- Статистики на владините финансии и Процедура за прекумерен долг
- Хармонизиран индекс на трошоците на животот и индекс на домувањето
- Паритет на куповната моќ
- Деловен регистар
- Краткорочни деловни статистики, подобрување на усогласеноста со Регулативата за европските деловни статистики
- Статистики за транспортот
- Статистики за енергијата
- Структурни деловни статистики, бизнис-демографија
- Анкета за работната сила
- Анкета за приходите и условите за живеење
- Индекс на цената на трудот
- Статистики за водата
- Статистики за градот/географски информации
- Управување со квалитетот
- Надворешна трговија со услуги.

Договор за услуги:

- Национални сметки – методологија
- Програма за трансмисија, годишни национални сметки, квартални национални сметки и извештаи за квалитет;
- Секторски сметки

- Табели за понуда и употреба и инпут-аутпут табели
- Комуникација.

Во текот на извештајниот период, во рамките на оваа програма, 73 лица учествуваа на вкупно 66 состаноци на Евростат и 67 лица учествуваа на 20 обуки. Во рамките на петнаесетте статистички проекти, сите планирани испораки беа доставени навреме до Евростат.

#### 3.2.2. Соработка со агенциите на Обединетите нации во државата

Во изминатиот период, ДЗС ја продолжи соработката со различни агенции на ОН кои работат во земјата: UNFPA, UN Women, UNICEF.

### 3.3. Комуникација и соработка со други институции

Во 2024 година продолжија активностите за реализација на веќе потпишаните договори и меморандуми за соработка од претходните години со поголем број институции во земјата и во странство.

## 4. ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВАШЕ ДЗС

Државниот завод за статистика се соочува со неколку клучни предизвици, и тоа:

### 4.1. Мал износ на буџетски средства

Буџетските средства што се одвојуваат за Државниот завод за статистика не се доволни за реализација на сите потреби на институцијата. Искористеноста на буџетските средства е повеќе од 98 %, што укажува на фактот дека сите доделени средства од Буџетот максимално се искористуваат. Ја истакнуваме и неповолната структура на буџетот, пред сè, од аспект на предоминантноста на делот за плати и надоместоци на вработените во однос на средствата за реализација на предвидените статистички истражувања од Петгодишната програма за статистички истражувања.

Поради малиот износ на буџетски средства институцијата не е во можност:

- Да планира и да реализира активности во насока на модернизација (набавка на ИТ-опрема, алатки и софтвери),

- Да обезбеди мерки за заштита на ИТ-системот (сајбер-безбедност); набавка на нови сервери; обезбедување простор за податоците на „cloud“ и сл.,

- Да организира различни видови обука, како за вработените така и за корисниците и за останатите овластени носители во Статистичкиот систем,

- Да организира различни настани (конференции, одбележување денови на статистиката и сл.),

- Да ги мотивира вработените за вршење дополнителни активности.

### 4.2. Состојба со човечките ресурси

И во овој извештај повторно потенцираме дека состојбата со човечките ресурси претставува голем и сериозен проблем. Бројот на вработените континуирано се намалува, половина од работните места (вклучително и раководните позиции) не се пополнети, годишните планови за вработување не се одобруваат навреме или се бара намалување на планираните вработувања и сето тоа може да доведе до неможност за реализирање на основната дејност на Заводот и на статистичката продукција на важни статистички показатели (БДП, вработени, плати, индустриско производство, надворешнотрговска размена).

### 4.3. Третманот на институцијата во рамките на системот на државната управа

Државниот завод за статистика е дел од системот на државната управа, но дејноста и надлежностите на Заводот се специфични. Како самостојна стручна управна организација, ДЗС во национални и во меѓународни рамки е одговорен за  производство на официјална статистика, која треба да биде во согласност со регулативите на ЕУ во доменот на статистиката (повеќе од 600 регулативи), со Кодексот на работа на европската статистика и со други бројни европски и меѓународни стандарди и класификации.

ДЗС  е координатор на Статистичкиот систем во државата и носител на Поглавје 18, а тоа значи дека во процесот на преговори е вклучен во првиот кластер Фундаментални права и сè додека не се затвори поглавјето Статистика, нема да може да се затвори ниту едно друго поглавје. За сериозна реализација на сите овие функции, неопходно е да се промени третманот кон институцијата (да се усогласи со спецификите и функциите што ги врши) и да се подобри состојбата со првите два предизвика (финансиски и човечки ресурси).

## 5. КООРДИНАЦИЈА НА СТАТИСТИЧКИОТ СИСТЕМ И ОВЛАСТЕНИТЕ НОСИТЕЛИ

Во согласност со член 21 од Законот за државната статистика, ДЗС како координатор на Статистичкиот систем, во соработка со овластените носители, подготвува и Извештај за активностите на овластените носители во однос на реализацијата на Програмата за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година. Покрај Народната банка на Република Северна Македонија, останати овластени носители се: Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и Министерството за правда.

На доставеното барање до овластените носители да подготват извештаи за својата активност поврзана со реализацијата на Програмата за статистички истражувања за 2025 година, извештаи се добиени од сите овластени носители.

### 5.1. Народна банка на Република Северна Македонија

Народната банка на Република Северна Македонија во 2025 година спроведе вкупно 28 статистички истражувања, од кои 8 со месечна, 17 со тримесечна и 3 со полугодишна периодика.

## 1. Методолошки подобрувања во статистичките истражувања

Во текот на 2025 година во НБРСМ во континуитет се прибираа, се изготвуваа и се објавуваа статистички податоци, соопштенија и текстови со статистички содржини од доменот на екстерните, монетарните статистики и статистиката на финансиски сметки, во согласност со Календарот за објавување на податоци.

Во однос на статистичкото истражување „Финансиски сметки" се работеше на изготвување на неконсолидирани и консолидирани податоци за текови, со соодветно ажурирање и на методолошките објаснувања.

Во статистичките истражувања од областа на екстерните статистики, Народната банка во март 2025 година започна со објавување и доставување квартални податоци за меѓународна инвестициска позиција согласно со роковите на ЕУ и преземените обврски во рамките на билатералниот скрининг. Врз основа на препораките од мисијата на ММФ од областа на екстерните статистики од 2023 година и изработениот предлог-модел за процена на приватните трансфери, беше подготвена и доставена за разгледување до ММФ прелиминарна верзија на платниот биланс. Воедно, активностите за воспоставување нов статистички податочен склад продолжија со проектот за креирање склад на податоци за екстерни статистики во соработка со надворешен изведувач, а поддржан од страна на ИПА програмата. Со проектот е предвидено овозможување на детално прикажување на податоците за платен биланс и меѓународна инвестициска позиција по земји, со што успешно заврши првата, од вкупно предвидените пет фази, на договорот. Во текот на 2025 година редовно се реализираа и активностите во рамките на проектот за трговија со услуги.

Во однос на статистичките истражувања од областа на монетарната статистика, статистиката на ОФИ и статистиката на каматните стапки во рамките на долгорочниот проект за воспоставување детален систем на известување за потребите на статистиката и супервизијата ИСИДОРА, се реализирани низа активности, а како поважни се оние поврзани со: а) изработка и донесување „Одлука за начинот на доставување, формата и роковите за доставување податоци и информации од банките и штедилниците" и завршни активности за подготовка на упатство за спроведување на оваа одлука; б) развој на електронска апликација за прием на податоци и континуирани активности со известувачите за тестирање на преносот на податоците во апликативното решение ИСИДОРА.

За статистичкото истражување во областа на платежната статистика, следејќи ги трендовите и новините во плаќањата, како и усогласувањето со новините кои произлегоа од стапувањето во сила на новиот Закон за платежните услуги и платните системи во јануари 2023 година, продолжија методолошките подобрувања со известување за нови категории податоци заедно со значителни методолошки подобрувања во известувањето, како и со соодветни контролни механизми, со кои се зголемува квантитетот и квалитетот на податоците за кои се известува.

## 2. Новитети во статистичките истражувања

Во текот на 2025 година, Народната банка обезбеди понатамошен развој и надградба во одделни сегменти поврзани со дисеминацијата на статистичките податоци и оствари повеќе активности за унапредување на комуникацијата со корисниците на статистичките податоци.

Поважни новитети што ја одбележаа 2025 година во областа на статистиката се:

- Во областа на финансиските сметки, во декември 2025 година започна редовно објавување на нов сет неконсолидирани и консолидирани финансиски сметки, трансакции, временска серија од 2016 година. Дополнително, се работеше на развој и изработка на податоци за останати текови – ревалоризација и останати промени, а овие податоци во декември 2025 година беа доставени до Евростат, со што навремено се исполни преземената обврска за трансмисија, определена со билатералниот скрининг за Поглавје 18 - Статистика.

- Во областа на екстерните статистики, во насока на понатамошно унапредување на комуникацијата со известувачите и зголемување на ефикасноста на известувањето во текот на 2025 година, продолжија активностите за унапредување на електронското известување за потребите на екстерните статистики. Така, се зголеми опфатот на електронското известување за прометот по кредитни работи со нерезиденти, како и бројот на електронските обрасци за вложувања во и од странство. Со вклучувањето на нашата држава во Единствената област за плаќања во евра – СЕПА, се наметна потребата од приспособување на известувањето за платежните трансакции со странство, како еден од главните извори на податоци за екстерните статистики. Во текот на 2025 година се работеше на приспособување на статистичкиот дел од Упатството за спроведување на Одлуката за начинот за извршување платежни трансакции со странство, како и на начинот, формата и роковите за известување за потребите на Народната банка, со чие донесување се овозможи задржување на тековниот систем на известување за платежните трансакции со странство и негово усогласување со новините во платежната сфера. Воедно, направена е надградба на апликативниот софтвер за обработка на податоците за платежните трансакции.

- Во континуитет продолжува подобрувањето и развојот на апликативното решение за платежната статистика.

### 3. Број на вработени лица што работат на статистички истражувања

Вкупно 51 лице во Народната банка работат на статистички истражувања, и тоа:

- 6 вработени работат на истражувањата за Анкетата за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП; Анкетата за кредитната активност и Индексот на цените на недвижностите;

- 2 вработени работат на пресметката на показателите за финансиската стабилност;

- 39 вработени работат на статистичките истражувања од областа на монетарната и финансиската статистика, како и на екстерните статистики;

- 4 вработени работат на статистичките истражувања од областа на платежната статистика.

4. Публицистичка дејност и комуникација со корисниците (податоци за издадените публикации)

Во текот на 2025 година, квалитетот и континуитетот на процесот на изготвување и дисеминација на статистичките податоци во Народната банка се задржа на високо рамниште. Податоците од статистичките истражувања во надлежност на Народната банка се објавуваат на интернет-страницата на НБРМ, со соодветна периодика и рок за публикување утврдени во Програмата.

Во однос на  комуникацијата со јавноста, како дел од активностите за подобрување на поддршката на корисниците и унапредување на комуникацијата со јавноста, покрај редовното објавување соопштенија и текстови со статистички содржини на медиумите и социјалните мрежи, во континуитет се одржува комуникацијата со корисниците преку „контакт-статистика". Исто така, беа одржани и одделни презентации на Економскиот факултет при УКИМ, како и работилница со новинарската заедница, на која претставници од Дирекцијата за статистика ги презентираа одделните статистики кои се изготвуваат во Народната банка, како и статистичкиот веб-портал НБСтат.

Дополнително, на статистичкиот веб портал е овозможена функционалноста со која корисниците може да пристапат до податоците во базата НБСтат и преку АПИ (Application Programing Interface), со што податоците станаа подостапни за корисниците.

Во текот на 2025 година, Дирекцијата за статистика спроведе Анкета за задоволството на известувачите и корисниците на податоци, со цел оценување на успешноста на НБРСМ како производител на статистички податоци, посредник помеѓу корисниците и известувачите, како и добивање повратни информации за можните начини на унапредување на процесот на статистичко известување и комуникација со корисниците. Добиените резултати покажуваат дека е задржан високиот квалитет на статистичката функција на Народната банка и дека постои висок степен на задоволство како на корисниците така и на известувачите на податоци.

Листата на показатели за финансиската стабилност се објавуваат на интернет-страницата на Народната банка редовно (врз квартална основа) согласно со Календарот за објавување на податоците, кој е достапен на интернет-страницата на Народната банка. Во рамките на иницијативата на ММФ за проширување на дисеминацијата со нови „охрабрувачки" категории на податоци за земјите од СДДС плус, во 2025 година Народната банка успешно ја заврши постапката до ММФ за објавување на индикаторот нето-отворена девизна позиција во однос на капиталот. Со редовното објавување на овој индикатор, нашата држава се вброи во четирите земји кои дисеминираат три „охрабрувачки" индикатори врз доброволна основа.

Податоците од областа на платежната статистика се објавуваат во агрегирана форма на интернет-страницата на Народната банка, со соодветна периодика и рок за публикување утврдени со Календарот на објавување податоци. Народната банка на својата интернет-страница објавува „Годишна информација за плаќања во Република Северна Македонија", во насока на комуникација со јавноста за трендовите и движењата на плаќањата во земјата, како и за плаќањата во меѓународен контекст од областа на работењето со платежните картички.

**5. Меѓународна активност и странска помош:**

Во рамките на меѓународната соработка и комуникација со статистичката заедница, во текот на 2025 година би го издвоиле учеството на следните настани:

- Посета на Централната банка на Португалија, како и втора експертска мисија, во рамките на Втората фаза од Регионалната програма за зајакнување на капацитетите на централните банки на Западен Балкан, насочена кон понатамошно усогласување со барањата за известување до европските институции во доменот на монетарната статистика;

- Втора експертска мисија од билатералната мерка со Банката на Австрија, како дел од Втората фаза од Регионалната програма финансирана од ЕУ за зајакнување на капацитетите на централните банки од Западен Балкан, на која беа споделени искуството од процесот на имплементација и најдобрите практики во областа на управувањето со податоци;

- Учество во проектот од ИПА 2022 на ДЗС за статистика на надворешната трговија со услуги, чија основна цел е замена на постојниот извор на податоци за извозот и увозот на услуги и воведување директно известување, преку студиска посета во Прага и експертска онлајн мисија на чешки експерти.

## 5.2. Министерство за финансии

Министерството за финансии во 2025 година спроведе вкупно 20 статистички истражувања, од кои 12 месечни и 8 тримесечни, што е ист број истражувања како и во 2024 година.

**Број на вработени во Министерството што работат на статистички истражувања**

Во Министерството за финансии се ангажирани 5 лица за спроведување статистички истражувања.

Новитети во статистичките истражувања:

- Плаќањата по гаранции се издвоени од категоријата капитални расходи и истите се евидентираат како други трансфери (ставка 466 -  Плаќања по гаранции и 495 - Одлив по гаранции, согласно со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за класификација на расходите „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 253/24),

- Трансферите кон Равојната банка за поддршка на домашните компании се евидентираат како одливи по дадени заеми кон институции (ставка 494 - Одлив по дадени заеми кон институции согласно со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за класификација на расходите „ Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 253/24).

Министерството за финансии не достави информации за: методолошките подобрувања, проблемите со кои се соочуваше Министерството за финансии во 2025 година и публицистичката дејност, побарани со Образец 1, кој се однесува на истражувањата и активностите реализирани во 2025 година, во согласност со Програмата за статистички истражувања, 2023 – 2027 година.

## 5.3. Министерство за внатрешни работи

Министерството за внатрешни работи во 2025 година, во согласност со утврдените статистички истражувања во Програмата за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година, спроведе вкупно 6 статистички истражувања, од кои 1 со месечна периодика и 5 со годишна периодика, што е ист број статистички истражувања како во 2024 година.

**Број на вработени во Министерството што работат на статистички истражувања**

Во однос на вкупниот број вработени ангажирани на статистички истражувања, наведен е бројот од 102 лица, кои полуавтоматизирано ги пополнуваат статистичките прегледи, ги

обработуваат податоците и ги подготвуваат прашалниците и барањата за статистичките истражувања.

Министерството за внатрешни работи не достави информации за: методолошките подобрувања, новитетите во статистичките истражувања, публицистичката дејност, дисеминацијата на статистичките податоци, меѓународната активност и странската помош. Министерството како проблеми со кои се соочува ги наведува недостатокот на човечки ресурси во единиците за статистика, како и дигитализацијата на процесите во насока на автоматизирано собирање податоци за дел од истражувањата.

## 5.4. Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во 2025 година спроведе вкупно 4 статистички истражувања, од кои 3 со месечна периодика и 1 годишно истражување.

**Број на вработени лица во Агенцијата што работат на статистички истражувања**

За реализација на статистичките истражувања во Секторот за истражувања и анализа на пазарот на трудот се ангажирани вкупно 2 вработени.

Методолошките подобрувања во статистичките истражувања се реализираат согласно со законските прописи и Оперативниот план за активни програми, мерки за вработувања и услуги на пазарот на трудот за 2025 година.

Агенцијата за вработување не достави информации за: новитетите во статистичките истражувања, публицистичката дејност, меѓународната активност и странската помош и за проблемите со кои се соочувала Агенцијата, побарани со Образец 1, кој се однесува на истражувањата и активностите реализирани во 2025 година, во согласност со Програмата за статистички истражувања, 2023 – 2027 година.

## 5.5. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија , во согласност со утврдените статистички истражувања во Програмата за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година, во 2025 година од планирани 12 статистички истражувања спроведе вкупно 10.

**Број на вработени лица во Институтот што работат на статистички истражувања**

За реализација на статистичките истражувања се ангажирани 9 вработени во Одделот за здравствена статистика и публицистика и 13 лица во Одделот за епидемиологија на заразни заболувања.

**Дисеминација на статистички податоци**

- Месечни билтени за движењето на акутните заразни заболувања
- Месечни извештаи за спроведувањето на системот АЛЕРТ (EVARN)
- Годишен извештај за движењето на акутните заразни заболувања во РСМ
- Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето бруцелоза кај луѓето во РСМ

- Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за спроведување задолжителна имунизација на населението во РСМ против одредени заразни болести
- Годишен извештај за спроведувањето на системот АЛЕРТ (EVARN)
- Годишен извештај за интрахоспиталните инфекции
- Годишен извештај за спроведување на Програмата за заштита на населението во РСМ од синдромот на стекнат недостаток на имунитет – СИДА
- Годишен извештај за реализација на активностите по Националната програма за јавно здравје
- Годишен извештај за АФП
- Годишен извештај за пријавени поствакцинални компликации по имунизација во РСМ
- Годишна публикација „Здравствена карта на РСМ"
- Годишна публикација „Амбулантно-поликлинички морбидитет во РСМ"
- Годишна публикација „Мрежа на болничките здравствени установи"
- Годишна публикација „Специјалистички служби во РСМ"
- Годишна публикација „Кадар во здравствените установи во РСМ"
- Годишна публикација „Регистар за рак во РСМ"
- Малигни неоплазми во РСМ
- Годишна публикација „Работа во болници"
- Годишна публикација „Хируршки интервенции во РСМ"
- Годишна публикација „Морталитет во РСМ"
- Годишна публикација „Искористеност на болнички капацитети".

**Меѓународна активност и странска помош**

Strenghthen the evidence base on the burden of sever rsv infection in children – финансиран и поддржан од СЗО – започната во 2025 година.

DOOR to door outreach and vaccination HPV campaign – финансирана од СЗО – започната во 2025 година.

**Проблеми со кои се соочуваше Институтот**

- Недостаток на специјалисти и кадар за статистички истражувања,
- Тешкотии при собирањето и обработката на податоци
- Недоволна соработка меѓу институциите
- Стара и делумно нефункционална ИТ-инфраструктура
- Дел од регистрите сè уште се на хартија, вклучувајќи ги и збирните евиденции.

## 5.6. Министерство за правда

### Број на вработени лица во Министерството што работат на статистички истражувања

Во Министерството за правда нема посебна организациска единица за статистика, односно не се пополнети работните места за кои се предвидени работни задачи за спроведување на статистичките истражувања. Во исто време, укажуваат на потребата од подобра координација со цел обезбедување современ статистички модел, кој во делот на правосудството треба да биде усогласен со документите на ЦЕПЕЈ за судска статистика на Советот на Европа.

Како извештајни единици, Управата за извршување на санкции, судовите и јавните обвинителства директно доставуваат статистички податоци до ДЗС, согласно со претходно воспоставената пракса. Од страна на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, доставени се податоци за бројот на јавните обвинители за: 2023 – 179, 2024 – 169 и 2025 – 194 јавни обвинители. Исто така, доставени се податоци за бројот на јавнообвинителските службеници за: 2023 – 373, 2024 – 371 и 2025 – 355 службеници.

Министерството за правда во координација со ДЗС, Управата за извршување на санкциите и Судскиот совет на Република Северна Македонија, во 2025 година имаат воведено 3 нови истражувања од областа на правдата и криминалитетот.

Министерството за правда не достави информации за: методолошките подобрувања, публицистичката дејност, дисеминацијата на статистичките податоци, меѓународната активност и странската помош.

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

ДЗС – Државен завод за статистика

АПУЖ – Анкета за приходи и услови за живеење

БДП – Бруто-домашен производ

ЕУ – Европска Унија

ЕК – Европска комисија

Евростат – Статистички завод на Европската заедница

еСтат – ИТ-систем за автоматско метаподаточно базирано генерирање веб-форми за прибирање податоци преку интернет

ЕСС – Европски статистички систем (European Statistical System)

ЕССПРОС – Европски систем на интегрирана статистика за социјална заштита

ЕЦБ – Европска централна банка

ИПА – Инструмент за претпристапна помош (Instrument for Pre-Accession Assistance)

ИТ – Информатичка технологија

ММФ – Меѓународен монетарен фонд

МКБ – Меѓународна класификација на болестите

НБРСМ – Народна банка на Република Северна Македонија

НПАА – Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија

НРМЕ – Национален уредувач на референтни метаподатоци на Евростат

РОС – Регионални одделенија за статистика

СБПМ – Статистички бизнис процес-модел

СНС – Систем на национални сметки

СЗО – Светска здравствена организација

УЈП – Управа за јавни приходи

УКИМ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

ФРИБС – Рамковна регулатива за интегрирани деловни статистики (Framework Regulation of Integrated Business Statistics)

eDamis – Electronic Data files Administration and Management Information System

CATI – Компјутерски поддржано анкетирање по телефон (Computer assisted telephone interviewing)

CAPI – Компјутерски поддржано анкетирање лице в лице (Computer assisted personal interviewing)

SDDS – Специјален систем за дисеминација на податоци (Special Data Dissemination Standard)

SDMX – Statistical Data and Metadata Exchange

SDMX-RI – SDMX-референтна инфраструктура

SBS – Structural Business Statistics

SIMS – Single Integrated Metadata Structure

ESA – European System of Accounts

ESMS – Euro SDMX Metadata Standards

ESQRS – ESS Standards for Quality Reporting Structure

GFS – Government Finance Statistics